Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Годишниот извештај на**
**Општина Центар-Скопје за 2021 година**

Се објавува Годишниот извештај на Општина Центар-Скопје за 2021 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на седмата седница, одржана на 14.3.2022 година.

Бр. 09-1389/49
14.3.2022 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11, 192/15, 209/18, 244/19, 53/21 и 77/21 ) и член 26 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06), Советот на Општина Центар-Скопје на 7-та седница, одржана на 14.3.2022 година, усвои

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## на Општина Центар-Скопје за 2021 година

### Член 1

Се усвојува Годишниот извештај на Општина Центар-Скопје за 2021 година.

### Член 2

Составен дел на Годишниот извештај се:

- Годишна (завршна) сметка на Буџетот на Општина Центар-Скопје
- Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивната вредност
- Извештај за реализацијата на инвестиционите, капиталните и блок-дотациите
- Извештај за користење на средствата од тековната и од постојаната резерва
- Извештај од одговорниот сметководител со кој се потврдуваат точноста и веродостојноста на Годишната сметка

### Член 3

Овој Годишен извештај влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-1389/48
14.3.2022 година

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**
Претседавач
Виолета Велковска

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ЗА 2021 ГОДИНА

Годишниот извештај на Општина Центар-Скопје за 2021 година го сочинува:

I. Годишна - Завршна сметка
   Образложение за Годишната сметка
II. Извештај за реализацијата на инвестиционите програми, капиталните и блок-дотациите
III. Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност
IV. Годишен извештај за користењето на резервите
V. Извештај за состојбата на жиро-сметките заклучно со 31.12.2021 година
VI. Извештај од одговорниот сметководител

## I. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ГОДИШНАТА (ЗАВРШНАТА) СМЕТКА

Врз основа на член 33 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15; 209/18; 244/19; 53/21 и 77/21), општините имаат обврска да подготват и да достават Годишна сметка (Завршна сметка) за извршувањето на Буџетот на Општината.

**Во Годишната сметка на Општината се прикажани вкупните планирани приходи и расходи на годишно ниво и нивната реализација за периодот од 1.1.2021 година до 31.12.2021 година.** Во овој фискален период се остварени приходи и други приливи и реализирани се расходи и други одливи, како што следува подолу:

| ВКУПЕН БУЏЕТ | План | Реализирани приходи | Потрошен вишок на приходи од претходни години | Реализирани расходи |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| Основен буџет | 794.665,000.00 | 523.342.958.00 | 10.606.744.00 | 533.949.702.00 |
| Буџет на самофинансирачки активности | 57.828.000.00 | 29.677.593.00 | 5.981.323.00 | 35.658.916.00 |
| Буџет на дотации | 332.354.500.00 | 328.968.000.00 | 1.470.767.00 | 330.438.767.00 |
| Буџет на донации | 20.233.828.00 | 1.446.980.00 | 935.497.00 | 2.382.477.00 |
| Буџет на кредити | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **1.205.081.328.00** | **883.435.531.00** | **18.994.331.00** | **902.429.862.00** |

Од вкупно планираните приходи во износ од 1.205.081.328,00 денари, во периодот од 1.1.2021 година до 31.12.2021 година реализирани се **883.435.531,00** денари , што претставува 73,3% во однос на планираното, и тоа:

| ВКУПЕН БУЏЕТ | План | Реализирани приходи | % на оствар. | % на учество |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| Основен буџет | 794.665,000.00 | 523.342.958.00 | 65.8 | 59.3 |
| Буџет на самофинансирачки активности | 57.828.000.00 | 29.677.593.00 | 51.3 | 3.4 |
| Буџет на дотации | 332.354.500.00 | 327,070,996.00 | 98.4 | 37.1 |
| Буџет на донации | 20.233.828.00 | 1.446.980.00 | 7.1 | 0.2 |
| Буџет на кредити | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **1.205.081.328.00** | **883.435.531.00** | **73.3** | **100.0** |
| **Потрошен вишок на приходи од претходни години** | | **18.994.331.00** | | |
| **Вкупно** | **1.205.081.328.00** | **902.429.862.00** | **74.89** | |

Реализираните приходи по категории се прикажани во следната табела, при што најголемо учество во вкупните приходи имаат даночните приходи (48,7%), потоа се трансферите и донациите (38,7%) и неданочните приходи (8,8%).

| ВКУПЕН БУЏЕТ (Приходи) | План | Реализирани приходи | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|
| Даночни приходи | 554.900.000.00 | 439.187.230.00 | 79.1 | 48.7 |
| Неданочни приходи | 120.167.242.00 | 79.601.277.00 | 66.2 | 8.8 |
| Капитални приходи | 28.015,000.00 | 15.566.024.00 | 55.6 | 1.7 |
| Трансфери и донации | 501.999.086.00 | 349.081.000.00 | 69.5 | 38.7 |
| Домашно задолжување | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Потрошен вишок на приходи од претходни години** | | 18.994.331.00 | | 2.1 |
| **Вкупно** | **1.205.081.328.00** | **902.429.862.00** | **74.89** | **100.0** |

Во **Основниот буџет** на Општината од планираните приходи во износ од 794.665.000,00 денари, во периодот од 1.1.2021 година до 31.12.2021 година реализирани се 533.949.702,00 денари, што претставува 67,19% од планираните приходи. Планирањето на одредени видови приходи се базира врз историски показатели и како резултат на тоа некои видови приходи се преценети, а некои се потценети, односно реализацијата е поголема или помала од планираното. Реализацијата на приходите во Основниот буџет на ниво на ставки е следна:

| | ОСНОВЕН БУЏЕТ | План | Реализација | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| 711 | Данок од доход, добивка и од капитални добивки | 13.510,000.00 | 12.802.747.00 | 94.7 | 2.4 |
| 713 | Даноци на имот | 169,500,000.00 | 183,631,938.00 | 108.3 | 34.4 |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 371,840,000.00 | 242,621,048.00 | 65.2 | 45.4 |
| 718 | Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 50,000.00 | 131,497.00 | 262.9 | 0.1 |
| 722 | Глоби , судски и административни такси | 1,430,000.00 | 1,262,159.00 | 88.2 | 0.2 |
| 723 | Такси и надоместоци | 1,000,000.00 | 1,134,249.00 | 113.4 | 0.2 |
| 725 | Други неданочни приходи | 70,000,000.00 | 47,527,276.00 | 67.9 | 8.9 |
| 733 | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 28,015,000.00 | 15,566,024.00 | 55.6 | 2.9 |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 139,320,000.00 | 29,272,764.00 | 21.0 | 5.5 |
| | **Вкупно** | **794,665,000.00** | **533,949,702.00** | **67.19** | **100.0** |

Најголемо учество во вкупно остварените приходи имаат даноците на специфични услуги со учество од 45,4%, следни се даноците на имот со учество од 34,4% и други неданочни приходи со 8,9%.

Приходите во **Буџетот на самофинансирачки активности** се приходи што ги остваруваат буџетските корисници на Општина Центар, односно основните училишта и детските градинки, а се однесуваат на надоместоците за оброци во училиштата и во градинките, за целодневна и за претшколска грижа и приходи од издавање под закуп на деловен простор. Во буџетската 2021 година по оваа основа реализирани се приходи во вкупен износ од 35.658.916,00 денари, што претставува 61,6% од планираните приходи.

| | ОСНОВЕН БУЏЕТ | План | Реализација | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| 721 | Претприемачки приход и приход од имот | 0.00 | 5,293.00 | 0.0 | 0.02 |
| 722 | Глоби, судски и административни такси | 0.00 | 11,141.00 | 0.0 | 0.04 |
| 723 | Такси и надоместоци | 47,390,035.00 | 29,660,135.00 | 62.6 | 83.2 |
| 724 | Други владини услуги | 0.00 | 1,024.00 | 0.0 | 0.01 |
| 725 | Други неданочни приходи | 347,207.00 | 0.00 | 0.0 | 0.0 |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 10,090,758.00 | 5,981,323.00 | 59.3 | 16.73 |
| | **Вкупно** | **57,828,000.00** | **35,658,916.00** | **61.6** | **100** |

Во **Буџетот на дотации** приходите пристигнуваат месечно по однапред утврдена динамика од Министерството за образование и наука и од Министерството за труд и социјална политика. Од вкупно планираните приходи во износ од 332.354.500,00 денари, до 31.12.2021 година реализирани се 330.438.767,00 денари, што претставува 99,4% од вкупно планираните приходи за 2021 година.

Во 2021 година во **Буџетот на донации** од вкупно планираните приходи во износ од 20.233.828,00 денари, реализирани се 2.382.477,00 денари, што претставува 11,7% од вкупно планираните приходи. Овие приходи се реализирани по основа на договори за донаторско финансирање на буџетските единки корисници на Општина Центар (училишта и градинки).

Во **Буџетот на кредити** во 2021 година не се реализирани приливи.

**Вкупните расходи** во Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2021 година, со кои се финансираат законски утврдените надлежности на Општината, реализирани се во вкупен износ од **902.429.862,00 денари**, што претставува 74,9% реализација од планираното (1.205.081.328,00 денари).

Во **Основниот буџет** на Општината од планираните расходи во износ од 794.665.000,00 денари, во периодот од 1.1.2021 година до 31.12.2021 година, реализирани се 533.949.702,00 денари, што претставува 67,19% од планираните расходи.

| | ОСНОВЕН БУЏЕТ | План | Реализација | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| | **ТЕКОВНО-ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | **387,255,000.00** | **314,033,417.00** | **81.09** | **58.81** |
| 401 | Основни плати | 46,630,000.00 | 40,354,928.00 | 86.54 | 7.56 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 17.793.000.00 | 15.498.961.00 | 87.10 | 2.91 |
| 404 | Надоместоци | 6,897,000.00 | 6,689,557.00 | 96.99 | 1.26 |
| 412 | Постојана резерва | 800,000.00 | 400,000.00 | 50.00 | 0.08 |
| 413 | Тековна резерва | 300,000.00 | 193,332.00 | 64.44 | 0.04 |
| 420 | Патни и дневни расходи | 0.00 | 0.00 | 0 | 0 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 42,980,000.00 | 34,954,356.00 | 81.32 | 6.55 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 6,730,000.00 | 3,929,667.00 | 58.39 | 0.74 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 40,860,000.00 | 30,880,898.00 | 75.57 | 5.78 |
| 425 | Договорни услуги | 67,820,000.00 | 39,676,440.00 | 58.50 | 7.43 |
| 426 | Други тековни расходи | 14.355,000.00 | 9,881,798.00 | 68.84 | 1.85 |
| 427 | Привремени вработувања | 15,900,000.00 | 14,785,427.00 | 92.99 | 2.77 |
| 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 13,800,000.00 | 10,691,155.00 | 77.47 | 2.00 |
| 461 | Субвенции за јавни претпријатија | 9,000,000.00 | 9,000,000.00 | 100.00 | 1.68 |
| 463 | Трансфери до невладини организации | 15,400,000.00 | 14,500,000.00 | 94.15 | 2.72 |
| 464 | Разни трансфери | 30,490,000.00 | 25,899,726.00 | 84.94 | 4.85 |
| 471 | Социјални надоместоци | 5,000,000.00 | 4,697,849.00 | 93.95 | 0.88 |
| 492 | Отплата на главнина кон домашни институции | 52,500,000.00 | 51,999,323.00 | 99.04 | 9.73 |
| | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **407,410,000.00** | **219,916,285.00** | **53.98** | **41.19** |
| 480 | Купување опрема и машини | 18,380,000.00 | 9,602,455.00 | 52.24 | 1.79 |
| 481 | Градежни објекти | 79,250,000.00 | 28,125,672.00 | 35.49 | 5.27 |
| 482 | Други градежни објекти | 270,115,000.00 | 170,573,473.00 | 63.15 | 31.94 |
| 485 | Вложување и нефинансиски средства | 30,165,000.00 | 7,925,199.00 | 26.27 | 1.48 |
| 486 | Купување на возила | 9,500,000.00 | 3,689,486.00 | 38.83 | 0.69 |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **794,665,000.00** | **533,949,702.00** | **67.19** | **100** |

Подредени по потпрограми, реализацијата на расходите е следна:

Во Потпрограмата **А00 – Совет на Општината** планирани се расходи во износ од 74.030.000,00 денари, а реализирани се во износ од 69.409.096,00 денари, што претставува 93,7% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма. Трошоците во оваа Потпрограма се однесуваат на надоместоците за советниците во Советот на Општина Центар-Скопје, телефоните, исплатата на каматата и на главнината за кредитните задолжувања во Тутунска банка и во Комерцијална банка, како и за финансиска помош за настраданите од земјотресот во Петриње, Р. Хрватска.

Во Потпрограмата **А10 – Изборни активности и референдуми** планирани се расходи во износ од 8.370.000,00 денари, а реализирани се во износ од 7.447.200,00 денари, што претставува 88,9% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма. Трошоците во оваа Потпрограма се однесуваат на трансфери до Општинската изборна комисија за локалните избори 2021 година.

Во Потпрограмата **Д00 – Градоначалник** планирани се расходи во износ од 9.719.000,00 денари, а реализирани се во износ од 7.520.923,00 денари, што претставува 77,4% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма. Во оваа Потпрограма опфатени се расходите за плата и за придонеси на Градоначалникот, телефон, трошоци за испратнина при пензионирање на вработени во основните училишта и во детските градинки, надоместок во случај на смрт на вработени и членови на потесното семејство и плаќања за реализацијата на проектот „Сервис за стари лица".

Во Потпрограмата **Е00 – Општинска администрација** планирани се расходи во износ од 113.461.000,00 денари, а реализирани се во износ од 92.895.747,00 денари, што претставува 81,9% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма. Расходите што се опфатени со оваа Потпрограма се однесуваат на платите и придонесите на вработените во Општината, комуналните услуги (електрична енергија, гориво, парно, вода, ѓубретарина, пошта, телефон, регистрација на моторни возила), на ситен инвентар (средства за одржување хигиена, списанија и други изданија за користење од вработените, канцелариски материјали, ситен инвентар, материјали за поправки), поправки и тековно одржување (поправки и сервисирање на возила, поправки и одржување на компјутерска и друга опрема), договорни услуги (осигурување на недвижен имот и возила, правни услуги, судски такси, преведувачи, консултантски услуги), други тековни расходи (членарини во домашни организации - Здружение на единици на локална самоуправа, Скопски плански регион, учество на вработените на семинари и на конференции, за објавување огласи, обврски по основа за ДДВ), социјални надоместоци (помош за новороденчиња, социјална помош за граѓани).

Во Потпрограмата **ЕА0 – Капитални трошоци на Општината** планирани се расходи во износ од 17.200.000,00 денари, а реализирани се во износ од 6.146.771,00 денари, што претставува 35,7% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма. Расходите што се опфатени со оваа Потпрограма се однесуваат на реконструкција на објектот на поранешно Матично, софтверско решение ГИС, набавка на нова компатибилна ИТ инфраструктура, санација и реконструкција на тоалетите во општинските бараки.

Во Потпрограмата **ЕАА – Модернизација на ИТ системите во Општина Центар ( развојна програма )** планирани се расходи во износ од 17.300.000,00 денари, а реализирани се во износ од 2.107.266,00 денари, што претставува 12,2% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма. Расходите што се опфатени со оваа Потпрограма се однесуваат на набавка на нови персонални и преносни компјутери и монитори и развојни мини компјутери.

Во Потпрограмата **Ф10 – Урбанистичко планирање** планирани се расходи во износ од 18.800.000,00 денари, а реализирани се во износ од 2.223.601,00 денари, што претставува 11,8% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на изработката на деталните урбанистички планови, консултантските

услуги, објавувањето огласи и за авторски надомест за конкурсот за идејно решение за локалитетот- фабрика Треска .

Во Потпрограмата **Ф20 – Уредување на градежно земјиште** планирани се расходи во износ од 14.500.000,00 денари, а реализирани се во износ од 6.247.134,00 денари, што претставува 43,1% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на уривањето на времени објекти и објавување огласи.

Во Потпрограмата **ФА0 – Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)** планирани се расходи во износ од 22.100.000,00 денари, а реализирани се во износ од 329.192,00 денари, што претставува 1,5% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на изработката на геодетски елаборати и приклучување на објекти на дистрибутивна мрежа.

Во Потпрограмата **ФАА – Реконструкција и изградба на инфраструктура (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 7.000.000,00 денари, а реализирани се во износ од 6.688.338,00 денари, што претставува 95,5% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на: изградба на инфраструктура, коловоз и тротоари на ул. „Новопланирана 2" крак на ул. „Васил Ѓоргов" и плаќање надоместок за одземен имот (експропријација).

Во Потпрограмата **Г10 – Поддршка на локалниот економски развој** планирани се расходи во износ од 800.000,00 денари, реализирани се во износ од 13.380,00 денари, а се однесуваат на модерирање на форумска сесија.

Во Потпрограмата **ГД0 – Проекти за енергетска ефикасност** планирани се расходи во износ од 22.300.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од 4.252.838,00 денари, што претставува 19,1% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на финансиска поддршка за поправка и санација на постојни покривни конструкции и лифтови во станбени згради.

Во Потпрограмата **Ј00 – Одржување на урбана опрема** планирани се расходи во износ од 3.000.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од 1.795.032,00 денари, што претставува 59,8% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на трошоци за санација и за одржување на урбана опрема.

Во Потпрограмата **Ј30 – Јавно осветлување** планирани се расходи во износ од 29.000.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од 22.968.185,00 денари, што претставува 79,2% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на трошоци за потрошена енергија за улично осветлување и за негово одржување.

Во Потпрограмата **Ј40 – Јавна чистота** планирани се расходи во износ од 29.150.000,00 денари, реализирани се во износ од 27.849.292,00 денари, што претставува 95,5% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма, а се однесуваат на исплата на плати за времено ангажираните работници задолжени за

одржување на јавната чистота, за набавка на алат за работниците и за депонирање на комуналниот отпад.

Во Потпрограмата **J60 – Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќај** планирани се расходи во износ од 19.000.000,00 денари, а реализирани се во износ од 18.999.139,00 денари, што претставува 99,9% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, кои се искористени за зимско одржување на улиците и за санација на ударни дупки.

Во Потпрограмата **J70 – Одржување и користење на паркови и зеленило** планирани се расходи во износ од 3.050.000,00 денари, а реализирани се во износ од 2.314.385,00 денари, што претставува 75,8% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, кои се однесуваат на одржување на јавното зеленило на територијата на Општина Центар-Скопје.

Во Потпрограмата **J80 – Други комунални услуги** планирани се расходи во износ од 600.000,00 денари, реализирани се во износ од 541.698,00 денари, што претставува 90,2%, а се однесуваат на дезинфекција, дезинсекција и дератизација на територијата на Општина Центар-Скопје.

Во Потпрограмата **J90 – Одржување на простори за паркирање** планирани се расходи во износ од 9.000.000,00 денари, реализирани се во износ од 9.000.000,00 денари, а се однесуваат на субвенционирање на ЈП Паркинзи на Општина Центар.

Во Потпрограмата **JA0 – Изградба на јавно осветлување** планирани се расходи во износ од 1.000.000,00 денари, реализирани се во износ од 597.063,00 денари, а се однесуваат на изградба на улично осветлување.

Во Потпрограмата **JД0 – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици** планирани се расходи во износ од 24.600.000,00 денари, а реализирани се во износ од 12.021.756,00 денари, што претставува 48,9% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а искористени се за изработка на проекти и изградба и реконструкција на сервисни и на станбени улици.

Во Потпрограмата **JДБ – Реконструкција на улица "Орце Николов" (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 85.500.000,00 денари, а реализирани се во износ од 81.058.779,00 денари, што претставува 94,8% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на реконструкција на ул. „Орце Николов" и за интегриран систем за паметно паркирање на истата улица.

Во Потпрограмата **JДЦ – Пренаменување на улица "Мирослав Крлежа" во пешачка зона (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 16.000.000,00 денари, а реализирани се во износ од 719.446,00 денари, што претставува 4,5% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на изготвување проект за пренаменување на улицата "Мирослав Крлежа" во пешачка зона.

Во Потпрограмата **ЈДД – Реконструкција на улица "Аминта Трети" (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 8.000.000,00 денари, а реализирани се во износ од 467.280,00 денари, што претставува 5,8% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на изготвување проект за реконструкција на улицата "Аминта Трети".

Во Потпрограмата **ЈДЕ – Реконструкција на улици во локалитет Буњаковец (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 5.600.000,00 денари, а реализирани се во износ од 585.374,00 денари, што претставува 10,4% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на изготвување проект за реконструкција на улицата "Рајко Жинзифов" и улицата "Петар Поп Арсов".

Во Потпрограмата **ЈДФ – Реконструкција на улици во локалитет Дебар маало (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 5.600.000,00 денари, а реализирани се во износ од 917.087,00 денари, што претставува 16,4% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на изготвување проекти за реконструкција на улиците: "Ристо Шишков" , "Дебарца", "Црвена Вода", "Ј.Х.Џинот" и "Партизанска".

Во Потпрограмата **ЈДГ – Реконструкција на улици во локалитет Крњево (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 25.060.000,00 денари, а реализирани се во износ од 25.047.343,00 денари, што претставува 99,9% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на реконструкција на инфраструктурата на улиците: "164" , "166" и "Хусеин Бајрам".

Во Потпрограмата **ЈДХ – Реконструкција во населба Капиштец- улица Народен Фронт (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 33.850.000,00 денари, а реализирани се во износ од 33.419.025,00 денари, што претставува 98,7% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на реконструкција на улицата "Народен Фронт" со краци.

Во Потпрограмата **ЈКА – Набавка на комунални возила (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 3.200.000,00 денари, а реализирани се во износ од 3.189.756,00 денари, што претставува 99,6% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на набавката на три специјални комунални возила- метларки.

Во Потпрограмата **ЈМ0 – Паркови и зеленило (капитални расходи)** планирани се расходи во износ од 4.000.000,00 денари, реализирани се во износ од 2.402.305,00 денари, што претставува 60,1% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма, а се однесуваат на реконструкција на зеленило и замена на исушени дрворедни садници на ул. „Орце Николов" , ул. „Стив Наумов", ул. „Питу Гули", ул. „Народен Фронт" и игралиште Славка Недиќ .

Во Потпрограмата **ЈН0 – Урбана опрема (капитални расходи)** планирани се расходи во износ од 5.650.000,00 денари, реализирани се во износ од 3.496.198,00 денари, што претставува 61,9% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма, а се однесуваат на изработка и монтажа на клупи, канти за отпадоци, столбчиња, држачи за велосипеди, жардињери и гумени подлоги за детски игралишта.

Во Потпрограмата **К4 – Културни манифестации и творештва** планирани се расходи во износ од 3.200.000,00 денари, реализирани се во износ од 2.757.214,00 денари, што претставува 86,1% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на финансиска поддршка на мешовитата установа од областа на културата "Културно социјален простор Центар- Јадро", за доделување стипендии на ученици во областа на културното творештво.

Во Потпрограмата **Л0 – Спорт и рекреација** планирани се расходи во износ од 13.500.000,00 денари, а реализирани се во износ од 13.429.417,00 денари, што претставува 99% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а искористени се за финансирање на активностите на Кошаркарскиот клуб „Работнички" и за доделување спортски стипендии.

Во Потпрограмата **ЛА – Спорт и рекреација (капитални трошоци)** планирани се расходи во износ од 18.150.000,00 денари, а реализирани се во износ од 13.001.585,00 денари, што претставува 71,6% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а искористени се подготвување на проекти за реконструкција на детски игралишта, за изградба на детско спортско игралиште во Дебар Маало ул. „Славка Недиќ" и за реконструкција на детски и спортски игралишта на територија на Општина Центар.

Во Потпрограмата **Р1 – Заштита на животната средина** планирани се расходи во износ од 9.900.000,00 денари, а реализирани се во износ од 8.635.469,00 денари, што претставува 87,2% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на расчистување на диви депонии, субвенционирање на велосипеди и тротинети како и финансиско учество на Општина Центар во меѓуопштинска соработка со Град Скопје за финансирање на ЈП Лајка.

Во Потпрограмата **Н10 – Основно образование** планирани се расходи во износ од 18.875.000,00 денари, реализирани се во износ од 13.224.997,00 денари, што претставува 70,1% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на плаќање на обврските на училиштата за користење парно греење, електрична енергија, водовод и ѓубретарина, за средства за хигиена, награди за наставниците, стипендии за поддршка на млади таленти, наставници по физичко воспитување во одделенска настава.

Во Потпрограмата **НА0 – Образование (капитални расходи)** планирани се расходи во износ од 22.500.000,00 денари, а реализирани се во износ од 22.161.448,00 денари, што претставува 98,5% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма. Овие средства се искористени за купување на смарт табли за основните училишта, санација на дел од кров на ООУ "Ј.Х.Песталоци", санација и реконструкција на дел од објектот на ООУ „11 Октомври" и санациони и реконструктивни зафати во другите основни училишта.

Во Потпрограмата **НАА – Реконструкција на основни училишта (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 14.500.000,00 денари, а реализирани се 1.568.285,00 денари, што претставува 10,8% од вкупно планираните расходи во оваа

Потпрограма, а се однесуваат на изработка на проект за доградба на училници во ООУ „Коле Неделковски".

Во Потпрограмата **В10 – Детски градинки** планирани се расходи во износ од 4.700.000,00 денари, реализирани се расходи во износ од 2.508.670,00 денари, што претставува 53,4% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а овие средства се искористени за плаќање на обврските на градинките за централно греење, електрична енергија, вода; за набавка на средства за хигиена; финансиска подршка на детските градинки за ангажирање дополнителен воспитен кадар (воспитувачки и неговateлки) и награди за најдобрите воспитувачки и негувателки во градинките во Општина Центар-Скопје.

Во Потпрограмата **ВА0 – Капитални расходи за детски градинки (капитални расходи)** планирани се расходи во износ од 2.500.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од 971.177,00 денари, што претставува 38,8% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма. Овие средства се потрошени за замена на подови во ЈОУДГ „Р.Ј.Корчагин" објект „Пинокио".

Во Потпрограмата **ВАБ – Пренамена на објект во детска градинка (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 20.900.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од 2.974.311,00 денари, што претставува 14,2% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма и истите се искористени за подготвување на проект со сите фази за изградба на нова детска населба во населбата Пролет.

Во Потпрограмата **ВАЦ – Подобрување на енергетската ефикасност во детските градинки (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 1.000.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од 46.500,00 денари, и истите се искористени за ревизија на основен проект за реконструкција на фасада и кров на објект "13 Ноември"- клон Јасмин.

Во **Буџетот на самофинансирачки активности** на Општината од планираните расходи во износ од 57.828.000,00 денари, во периодот од 1.1.2021 година до 31.12.2021 година реализирани се 35.658.916,00 денари, што претставува 61,66% од планираните расходи. Расходите на самофинансирачките активности, всушност, се расходи на основните училишта и на детските градинки под надлежност на Општината и се однесуваат на трошоци за комунални услуги (електрична енергија, гориво, парно, вода, ѓубретарина, пошта, телефон), средства за одржување хигиена, канцелариски материјали и наставни помагала, поправки и тековно одржување, договорни услуги. Тие се прикажани по основни намени во следната табела:

| БУЏЕТ НА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ | | План | Реализација | % на реализација | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| | **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | **52,849,400.00** | **31,817,601.00** | **60.20** | **89.22** |
| 420 | ПАТНИ И ДНЕВНИ РАСХОДИ | 520,000.00 | 93,650.00 | 18.00 | 0.26 |
| 421 | КОМУНАЛНИ УСЛУГИ, ГРЕЕЊЕ, КОМУНИКАЦИЈА И ТРАНСПОРТ | 9,559,400.00 | 4,882,423.00 | 51.07 | 13.69 |
| 423 | МАТЕРИЈАЛИ И СИТЕН ИНВЕНТАР | 23,872,000.00 | 14,392,204.00 | 60.29 | 40.36 |
| 424 | ПОПРАВКИ И ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ | 11,914,000.00 | 7,729,565.00 | 64.88 | 21.67 |
| 425 | ДОГОВОРНИ УСЛУГИ | 4,607,000.00 | 3,060,853.00 | 66.44 | 8.58 |
| 426 | ДРУГИ ТЕКОВНИ РАСХОДИ | 2,377,000.00 | 1,658,906.00 | 69.79 | 4.66 |
| | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **4,978,600.00** | **3,841,315.00** | **77.15** | **10.78** |
| 480 | КУПУВАЊЕ ОПРЕМА И МАШИНИ | 1,813,600.00 | 1,185,070.00 | 65.34 | 3.32 |
| 483 | КУПУВАЊЕ МЕБЕЛ | 3,095,000.00 | 2,596,245.00 | 83.88 | 7.28 |
| 485 | ВЛОЖУВАЊЕ И НЕФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА | 70,000.00 | 60,000.00 | 85.71 | 0.18 |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **57,828,000.00** | **35.658,916.00** | **61.66** | **100.00** |

Во **Буџетот на дотации** на Општината од планираните расходи во износ од 332.354.500,00 денари, во периодот од 1.1.2021 година до 31.12.2021 година реализирани се 330.438.767,00 денари, што претставува 99,4% од планираните расходи. За основното образование од вкупно планираните расходи од дотациите во износ од 221.302.200,00 денари реализирани се 220.316.345,00 денари, што претставува 99,42% од планираните расходи. Средствата се потрошени за плати и придонеси за вработените во основното образование, за комунални услуги, и други обврски на основните училишта на територијата на Општина Центар- Скопје. За детските градинки од вкупно планираните расходи од дотациите во износ од 111.052.300,00 денари реализирани се 110.122.422,00 денари, што претставува 99,2% од планираните расходи. Средствата се потрошени за плати и за придонеси за вработените во детските градинки, за комунални услуги, поправки и тековно одржување, договорни услуги и други обврски на детските градинки на територијата на Општина Центар-Скопје. Тие се прикажани по основни намени во следната табела:

| БУЏЕТ НА ДОТАЦИИ | | План | Реализирано | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| 401 | Основни плати и надоместоци | 229,432,000.00 | 228,430,810.00 | 99.56 | 69.13 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 89,237,500.00 | 88,822,514.00 | 99.53 | 26.88 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 10,537,000.00 | 10,157,622.00 | 96.39 | 3.07 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 545,000.00 | 532,762.00 | 97.75 | 0.16 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 1,061,000.00 | 1,047,894.00 | 98.76 | 0.31 |
| 425 | Договорни услуги | 1,239,000.00 | 1,171,232.00 | 94.53 | 0.35 |
| 426 | Други тековни расходи | 303,000.00 | 275,933.00 | 91.06 | 0.10 |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **332,354,500.00** | **330,438,767.00** | **99.42** | **100.00** |

Во **Буџетот на донации** реализирани се расходи во износ од 2.382.477,00 денари. Во рамките на овој буџет средствата се користат за реализација на донаторски проекти на Општината и на институциите (основни училишта и детски градинки) под надлежност на Општината за реализација на проекти под покровителство на европски фондови со намена за унапредување на квалитетот во образованието и детската заштита. Тие се прикажани по основни намени во следната табела:

| БУЏЕТ НА ДОНАЦИИ | | План | Реализација | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| | **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | **19,880,828.00** | **2,098,157.00** | **10.55** | **88.06** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 3,750,166.00 | 864,397.00 | 23.04 | 36.28 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 298,600.00 | 0.00 | - | - |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 298,200.00 | 170,183.00 | 57.07 | 7.14 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 131,000.00 | 59,649.00 | 45.53 | 2.50 |
| 425 | Договорни услуги | 1,777,627.00 | 742,006.00 | 41.74 | 31.14 |
| 426 | Други тековни расходи | 847.450.00 | 261,637.00 | 30.87 | 10.98 |
| 461 | Субвенции за јавни претпријатија | 12,000,000.00 | 0.00 | - | - |
| 464 | Разни трансфери | 777,785.00 | 285.00 | 0.03 | 0.02 |
| | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **353,000.00** | **284,320.00** | **80.54** | **11.94** |
| 480 | Купување опрема и машини | 353,000.00 | 284,320.00 | 80.54 | 11.94 |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **20,233,828.00** | **2,382,477.00** | **11.77** | **100.00** |

Во **Буџетот на кредити** за 2021 не се реализирани расходи.

# II. ИЗВЕШТАЈ

# ЗА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ИНВЕСТИЦИОНИТЕ ПРОГРАМИ, КАПИТАЛНИТЕ И БЛОК-ДОТАЦИИТЕ

## 1. Реализација на инвестиционите програми

Во текот на 2021 година, во согласност со донесените програми од Советот, Општина Центар-Скопје реализираше повеќе инвестициони работи.

- По Програма Ф, Потпрограма **ФА – Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)** реализирани се капитални инвестиции во вкупна вредност од **7.017.530,00 денари**, и тоа:

- Изведени се работи за: приклучување на објекти на ул. "Новопроектирана" бр.5, ул. "Новопроектирана" бр.2, како и приклучување на ЈУДГ "Кочо Рацин"-клон "Панорама" на дистрибутивна мрежа; изградба на инфраструктура, коловоз, тротоари и изградба на улично осветлување на ул. „Новопланирана 2", крак на ул. „Васил Ѓоргов" и надзор над изградбата во вкупна вредност од 2.105.726,00 денари и
- Реализирано е плаќање на надоместок за одземен имот (експропријација) за ул. „Новопланирана 2", крак на ул. „Васил Ѓоргов" во износ од 4.907.700,00 денари.

- Најзначајните капитални вложувања на Општина Центар во 2021 година по **Програмата за комунални дејности** се наменети за реализација на следниве потпрограми:

Во рамките на Потпрограмата **ЈД – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици** изведени се најголемите капитални инвестиции за 2021 година во вкупна вредност од **154.236.090,00 денари**, и тоа:

- Изработени се проекти за изградба и реконструкција на сервисни и станбени улици и издадени се хидротехнички услови за атмосферска и водоводна мрежа во вкупна вредност од 2.758.452,00 денари,
- Изведена е реконструкција на улици во вкупна вредност од 144.519.651,00 денари, и тоа за:
    - Реконструкција на ул. "Орце Николов" во износ од 74.944.452,00 денари;
    - Реконструкција на ул. "Народен Фронт" во износ од 33.242.558,00 денари;
    - Реконструкција на ул. "Хусеин Бајрам", ул. "164" и ул."166" и изградба на водоводна, атмосферска и фекална канализација, реконструкција на коловоз и улично осветлување во износ од 24.716.642,00 денари;
    - Санација и реконструкција на инфраструктурни системи (водоводна, хидрантска, атмосферска и фекална канализација) по локации по потреба во износ од 5.320.686,00 денари;
    - Реконструкција на крак на ул. „11 Октомври" (пристапна улица кај Билна аптека) Жикол во износ од 2.351.286,00 денари;

- Реконструкција на тротоари, пешачки и велосипедски патеки и архитектонски бариери во износ од 3.614.071,00 денари;
- Поставување на сообраќајна сигнализација во износ од 329.956,00 денари;

- За интегриран систем за паметно паркирање на ул."Орце Николов" потрошени се 5.484.600,00 денари;
- За приклучок на водоводна мрежа и за изготвување и издавање на хидротехнички услови 40.243,00 денари;
- За сите изведени активности по оваа Потпрограма извршен е надзор во вкупен износ од 1.440.224,00 денари.

Во рамките на Потпрограмата **ЈК – Капитални расходи за јавна чистота** во текот на 2021 година извршена е исплата за набавени три специјални комунални возила- метларки ( отплатата е на 24 месечни рати- во 2021 година платени се 4 рати) во вредност од **3.189.756,00 денари**.

Во рамките на Потпрограмата **ЈМ – Паркови и зеленило** (капитални расходи) во текот на 2021 година изведена е реконструкција на зеленило и замена на исушени дрворедни садници на ул. "Орце Николов", ул. "Стив Наумов", ул. "Питу Гули", ул. "Народен Фронт" и игралиште Славка Недиќ во вредност од **2.402.305,00 денари**.

Во рамките на Потпрограмата **ЈН – Урбана опрема** (капитални расходи) во текот на 2021 година набавени и монтирани се клупи, канти за отпадоци, држачи за велосипеди, вертикални столбчиња и жардињери, како и набавка на гумени подови за детски игралишта во вредност од **3.496.198,00 денари**.

По Потпрограмата **ЈА – Изградба на јавно осветлување** во текот на 2021 година изработени се проекти за изградба на јавното осветлување и изградено е улично осветлување во вкупна вредност од **597.063,00 денари**.

По Потпрограмата **ГД – Други комунални услуги** (капитални расходи) реализирани се активности во вкупна вредност од **4.252.838,00 денари** за финансиска поддршка за поправка и санација на постојни покривни конструкции и за лифтови во станбени згради.

По Потпрограмата **ЛА – Спорт и рекреација** (капитални расходи) реализирани се активности во вкупна вредност од **13.001.585,00 денари** за изработка на проекти, изградба и реконструкција на детски игралишта на повеќе локации на територија на Општина Центар- Скопје, како и за надзор над изградбата.

По Потпрограмата **ЕА** – **Капитални трошоци на Општината** реализирани се капитални инвестиции во вкупна вредност од **8.254.037,00 денари**, а се однесуваат на: набавка на нова компатибилна ИТ инфраструктура; набавка на нови лаптоп и десктоп комјутери; реконструкција на објектот на поранешно Матично , санација на општинските бараки; превентивно и адаптивно одржување на ГИС софтвер и внесување на ДУП во дата база и набавка на мопеди-скутери.

- Во 2021 година капитални инвестиции во износ од **23.729.733,00 денари**, Општина Центар-скопје ги реализираше во **основните училишта**, и тоа:

- 11.191.846,00 денари за санација на дел од покрив во ООУ "Ј.Х.Песталоци";
- 4.261.551,00 денари за санација на дел од објектот во ООУ "11 Октомври";
- 3.325.214,00 денари за градежно занатски работи во ООУ "Димитар Миладинов" и ООУ "Гоце Делчев";
- 1.950.968,00 денари за набавка на смарт табли за основните училишта на територија на Општина Центар- Скопје;
- 1.568.285,00 денари за подготвување проект за доградба на училници во ООУ "Коле Неделковски";
- 1.275.551,00 денари за санација на двор во ООУ "Кочо Рацин";
- 156.318,00 денари за извршен стручен надзор над изведените работи по оваа потпрограма.

➢ Во **детските градинки** во 2021 година изведени се капитални инвестиции во вкупна вредност од **3.991.988,00 денари**, од кои: 2.974.311,00 денари за подготвување на проект со сите фази за изградба на нова детска градинка во населбата Пролет; 628.302,00 денари за проект за реконструкција на ЈУДГ "Р.Ј.Корчагин"-објект Пинокио; 46.500,00 денари за ревизија за проект за реконструкција на фасада и кров на ЈУДГ "13 ноември"- објект Јасмин; 341.044,00 денари за реконструкција на ЈУДГ "Р.Ј.Корчагин"-објект Пинокио ( замена на подови ) и 1.831,00 денари за стручен надзор над реконструкцијата.

## 2. Реализација на блок-дотациите

**Блок-дотациите** од Буџетот на Република Северна Македонија со кои Општина Центар-Скопје ги финансира своите надлежности во социјалната и во детската заштита и во образованието за 2021 година изнесуваа вкупно **328.968.000,00 денари**, од кои 219.248.000,00 денари беа наменети за финансирање на надлежноста основно образование и 109.720.000,00 денари за финансирање на надлежноста детска заштита.

➢ Блок-дотацијата наменета за **основно образование** беше распределена по видови расходи, и тоа: **211.657.905,00 денари** за плати и надоместоци за вработените и **8.658.440,00 денари** за тековно-оперативни трошоци.
Реализацијата на блок-дотацијата за тековно-оперативните расходи по училиштата се одвиваше на следниов начин:

- За тековно одржување на ООУ „Коле Неделковски" реализирани се трошоци во износ од 1.031.500,00 денари
- За тековно одржување на ООУ „Ј.Х. Песталоци" реализирани се трошоци во износ од 1.472.156,00 денари
- За тековно одржување на ООУ „Кочо Рацин" реализирани се трошоци во износ од 954.874,00 денари
- За тековно одржување на ООУ „Гоце Делчев" реализирани се трошоци во износ од 736.463,00 денари
- За тековно одржување на ООУ „11 Октомври" реализирани се трошоци во износ од 1.036.321,00 денари
- За тековно одржување на ООУ „Димитар Миладинов" реализирани се трошоци во износ од 1.220.422,00 денари

- За тековно одржување на ООУ „Кирил и Методиј" реализирани се трошоци во износ од 892.504,00 денари
- За тековно одржување на ООУ „Киро Глигоров" реализирани се трошоци во износ од 1.314.200,00 денари

➢ Блок-дотацијата наменета за **детските градинки** беше распределена по видови расходи, и тоа: **105.595.419,00 денари** за плати и надоместоци за вработените и **4.527.003,00 денари** за тековно-оперативни трошоци.
Реализацијата на блок-дотацијата за тековно-оперативните расходи по градинките се одвиваше на следниов начин:

- За тековно одржување на ЈУДГ „Р.Ј.Корчагин" реализирани се трошоци во износ од 1.088.119,00 денари
- За тековно одржување на ЈУДГ „Кочо Рацин" реализирани се трошоци во износ од 1.651.846,00 денари
- За тековно одржување на ЈУДГ „13 Ноември" реализирани се трошоци во износ од 1.787.038,00 денари.

Основните училишта и детските градинки имаат искористено средства од пренесено салдо од претходните години во вкупен износ од 1.470.767,00 денари и тоа училиштата во износ од 1.068.345,00 денари, а детските градинки во износ од 402.422,00 денари.

## III. ИЗВЕШТАЈ ЗА СРЕДСТВАТА, ПОБАРУВАЊАТА, ОБВРСКИТЕ И ИЗВОРИТЕ НА СРЕДСТВАТА И НИВНАТА ВРЕДНОСТ

### ПОБАРУВАЊА

Во 2021 година во сметководствената евиденција на Општина Центар-Скопје се прокнижени и потврдени побарувања врз повеќе основи, и тоа: побарувања врз основа на надоместок за уредување на градежно земјиште од правни и од физички лица, побарувања од закупнини, побарувања по основа на присилно административно извршување - уривање на диоградби и отстранување на урбана опрема, побарувања од данок на имот на физички и на правни лица, побарување за комунална такса за фирма, побарување по основа на комунална такса за паркирање и други што имаат учество во приходите што ги остварува Општина Центар-Скопје.

Состојба на средствата и изворите на средствата на 31.12.2021 година е следна:

| | | Редовни | Спорни и сомнителни побарувања |
|---|---|---|---|
| 1. | Побарувања по основа на надоместок за уредување на градежно земјиште | 13.246.371,00 | 4.225.645,00 |
| 2. | Побарувања по основа на даден деловен простор под закуп | 51.360,00 | 121.093,00 |
| 3. | Побарувања по основа на присилно административно извршување - уривање дивоградби и отстранување на урбана опрема | 8.595.635,00 | 15.094.003,00 |
| 4. | Побарувања по основа на данок на имот за физички лица | 71.583.216,00 | - |
| 5. | Побарувања по основа на данок на имот за правни лица | 67.200.951,00 | - |
| 6. | Побарувања по основа на комунална такса за истакнување на фирма, односно деловна просторија | 46.856.611,00 | - |
| 7. | Побарувања по основа на комунална такса за паркирање | 25.339.647,00 | - |
| Вкупни побарувања | | 232.873.791,00 | 19.440.741,00 |
| ВКУПНО ПОБАРУВАЊА | | 252.314.532,00 | |

## ОБВРСКИ

На 31.12.2021 година во сметководството на Општина Центар-Скопје евидентирани се неплатени обврски по фактури и времени ситуации на разни доверители за извршени тековни и инвестициони активности. Вкупниот износ на неплатените обврски изнесуваат 261.834.239,00 денари.

| | Обврски | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Обврски спрема набавувачи | 21.716.281,00 |
| 2. | Обврски по основа на неисплатена плата за декември 2021 година на редовно вработени лица | 4.641.048,00 |
| 3. | Обврски по основа на ДДВ | 11.632.508,00 |
| 4. | Обврски по основа на главнина од кредит | 223.844.402,00 |
| **Вкупно обврски** | | **261.834.239,00 ден.** |

- **Обврски спрема набавувачите**

Тука спаѓаат сите тековни и капитални обврски. Тековно-оперативните обврски се настанати од редовното работење на Општината. Тие ги сочинуваат обврските по основа на неплатени фактури за комунални услуги, како електрична енергија и јавно осветлување, телефонија, канцелариски материјал, членарини и сл. Капиталните обврски се обврски кон набавувачите за започнати или за завршени капитални инвестиции.

- **Обврски по основа на неисплатена плата**

Бруто-платата на редовно вработените во Општината за декември 2021 година во износ од 4.641.048,00 денари.

- **Обврски по основа на ДДВ**

Акумулираните обврските за данокот на додадена вредност за четвртиот квартал е во износ од 11.632.508,00 денари.

- **Обврски по основа на главнина од кредит**

Долгорочните обврски по основа на заем, кредит на Општина Центар со состојба на 31.12.2021 година евидентирани се на вкупен износ од 223.844.402,00 денари, и тоа кон: Комерцијална банка во износ од 189.248.935,00 денари кредит за изградба на ООУ „Киро Глигоров“ и обврски по долгорочен заем одобрен од Светска банка, подзаем од Министерството за финансии за проектот „Реконструкција на водоводот на ул. 'Титовелешка' и реконструкција на детската градинка 'Пепелашка'“ на износ од 34.595.467,00 денари.

## IV. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД БУЏЕТСКИТЕ РЕЗЕРВИ ЗА 2021 ГОДИНА

Во согласност со одредбите од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2021 година, средствата утврдени за постојана (непредвидливи расходи) и тековна резерва се користат со Одлука на Советот, а по исклучок за користење на средствата од тековната резерва, одлучува Градоначалникот. Во 2021 година реализираните средства од резервите се во вкупен износ од 593.332,00 денари.

| Р.Бр. | Име и презиме и број на одлука | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Во согласност со Одлуката донесена од Советот на Општина Центар-Скопје бр. 08-302/2 од 21.01.2021 година одобрена е финансиска помош за настраданите во земјотресот во Петриње, Република Хрватска. | 400.000,00 |
| 2. | Во согласност со Решението на Градоначалникот на Општина Центар-Скопје бр. бр.09-2354/2 од 21.04.2021 година одобрени ѝ се парични средства на Даница Станков поради смрт на брачен сопатник од КОВИД 19 (вклучително и персонален данок на доход). | 33.333,00 |
| 3. | Во согласност со Решението на Градоначалникот на Општина Центар-Скопје бр. бр.09-2387/2 од 21.04.2021 година одобрени ѝ се парични средства на Симона Анчева поради лекување (вклучително и персонален данок на доход). | 33.333,00 |
| 4. | Во согласност со Одлуката донесена од Советот на Општина Центар-Скопје бр. 08-2174/20 од 15.04.2021 година одобрени се финансиски средства на проф. д-р Зоран Здравковски заради учество на интернационална хемиска олимпијада. | 60.000,00 |
| 5. | Во согласност со Решението на Градоначалникот на Општина Центар-Скопје бр. 09-5407/4 од 20.6.2021 година одобрени се финансиски средства на Јелена Стратијева, Аулона Караџа Кнежевиќ и Тања Јакимова за учество на натпревар по општо знаење "Светски ученички куп" (вклучително и персонален данок на доход). | 66.666,00 |
| | **Вкупно исплатени средства** | **593.332,00** |

## V. СОСТОЈБА НА ЖИРО-СМЕТКИ ЗАКЛУЧНО СО 31.12.2021 ГОДИНА

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Состојба на сметка на Буџет на Општина Центар-Скопје | 62.871.546,00 ден. |
| 2. | Состојба на донаторската сметка за проектот „Општина по мерка на граѓаните" | 238.149,00 ден. |
| 3. | Состојба на донаторската сметка за енергетска ефикасност за ООУ „Димитар Миладинов"-Скопје | 1.098.589,00 ден. |
| 4. | Состојба на донаторската сметка за набавка на опрема за одржување на патишта и зеленило | 50.000,00 ден. |
| 5. | Состојба на сметката за трансфери до ОИК | 3.900,00 ден. |
| 6. | Состојба на сметката за проектот „Општинско-корисна работа" | 72.000,00 ден. |
| 7. | Состојба на сметката за трансфери од Агенцијата за државни патишта | 0 ден. |
| 8. | Состојба на сметката за блок-дотации | 1.915.757,00 ден. |
| **ВКУПНО** | | **66.249.941,00 ден.** |

## VI. ИЗВЕШТАЈ ОД ОДГОВОРЕН СМЕТКОВОДИТЕЛ

Сметководствената евиденција во Општина Центар-Скопје се води во согласност со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и прифатените сметководствени политики и сметководствени стандарди. Во сметководството се обезбедуваат податоци поединечно по сите видови приходи и други видови приливи, за расходите и за другите одливи.

Податоците во годишната (завршна сметка ) на Општина Центар-Скопје за сите сметки го искажуваат реалното трошење на средствата по програми, потпрограми и намени, како и остварувањето на сите приходи по сметки, потсметки и по видови приходи.

Во согласност со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола воспоставени се пишани процедури за движење на документите, нивна контрола и евидентирање во сметководството на Општина Центар-Скопје.